Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

дезинформации дезинформации дезинформации дезинформации



лажни вести лажни вести лажни вести лажни вести

# 2024

# ВОДИЧ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ И ЛАЖНИ ВЕСТИ ВО СТРУМИЧКИОТ МИКРО РЕГИОН

Здружение на новинарите на Македонија
EFJ European Federation of Journalists
Иницијатива за Европска перспектива
Центар за истражувања и анализи НОВУС
Медија Флеш Здружение за медиумска писменост

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

**Електронско издание**: Водич за справување со дезинформации и лажни вести во струмичкиот микро регион

**Издавач**: Центар за истражување и анализи „НОВУС” – Струмица
Здружение за медиумска писменост „Медија Флеш“ Струмица

**Автор**: Ристо Тасев

Содржината е единствена одговорност на авторот и на грантистите и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата и ставовите поврзани со проектот „Информирана Локална Заедница: Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандарди“, кој е поддржан преку програмата за мали грантови на „Тренинг-Академија за новинари и медиумски работници – Т-АЈМ“, финансирана од Европската Унија.

# СОДРЖИНА


1. Вовед……………………………………………………………………………………4
2. Разбирање на дезинформации и лажни вести………………………………………..5
   2.1. Дефиниција и видови…………………………………………………………..5
   2.2. Видови дезинформации………………………………………………………..5
3. Методи за распознавање на дезинформации………………………………………..10
   3.1. Индикатори на дезинформации…………………………………………………10
   3.2. Критички алатки за анализа……………………………………………………..11
4. Стандарди за квалитет на информациите…………………………………………...13
   4.1. Етички стандарди………………………………………………………………..13
   4.2. Критериуми за верификација…………………………………………………...14
5. Стратегии за справување со дезинформации…………………………………………16
   5.1. Превентивни мерки……………………………………………………………...16
   5.2. Корективни мерки……………………………………………………………16
6. Едукативни модели за јавноста и новинарските тимови……………………………..18
   6.1. Јавна едукација…………………………………………………………………..18
   6.2. Поддршка за новинари…………………………………………………………..19
7. Интегрирање на водичот……………………………………………………………..20
8. Препораки за идни иницијативи……………………………………………………..21
9. Заклучок……………………………………………………………………………....23

## 1. ВОВЕД

Во денешната ера на дигитализација и глобализација, информации од различни видови и форми циркулираат низ медиумскиот простор со огромна брзина. Иако ова знае да носи придобивки, сепак јавноста се изложува на сериозен ризик од дезинформации и лажни вести кои можат брзо да се прошират и да создадат погрешни перцепции, паника, или евентуално социјално недоразбирање. Овие проблеми не се ограничени само на глобално ниво, туку имаат и значителни последици и на локално ниво, каде што ефектите може да бидат дури и поголеми поради помалиот број на ресурси и пониското ниво на медиумска писменост.

Во Струмичкиот микро регион, каде што медиумскиот пејзаж е карактеризиран со ограничен пристап до разновидни и независни извори на информации, дезинформациите претставуваат особено сериозна закана. Локалните медиуми често се соочуваат со предизвици како што се недостаток на финансиски средства, немање на ресурси, неможност за доусовршување и тоа доведува до потешкотии во спроведувањето на професионални и етички стандарди во известувањето. Во таква средина, дезинформациите можат лесно да се вкоренат и да ја нарушат довербата на граѓаните во медиумите и институциите.

Целта на овој водич е да понуди практични и применливи алатки за новинарите, медиумските работници, младите и пошироката јавност, со фокус на развојот на критичко размислување и вештини за анализа на информации. Преку интегрирање на најдобрите практики во распознавање и справување со дезинформации, водичот има за цел да придонесе кон заштита на медиумскиот интегритет и да ја подигне свеста на јавноста за важноста од точни и проверени информации.

Потребата за ваков водич станува уште поочигледна кога ќе се земе предвид дека во Струмичкиот микро регион недостатокот на медиумска писменост и информираност може да доведе до брзо ширење на дезинформации. Медиумите имаат клучна улога во формирањето на јавното мислење, а за да ја извршуваат оваа улога ефективно и ефикасно, неопходно е да се придржуваат кон највисоките етички и професионални стандарди.

Покрај тоа, овој водич има за цел да ги поттикне новинарите и медиумските работници на поголема одговорност и свесност за потенцијалните штети што можат да ги предизвикаат непроверените информации. Водичот нуди насоки за тоа како да се идентификуваат и спречат дезинформациите, но и како да се обезбеди информирање кое ќе биде етичко, професионално и одговорно кон јавноста. Со примена на сето ова, можеби може да се очекува дека ќе се зголеми довербата во медиумите и ќе се создаде поотпорна и поинформирана локална заедница.

Овој водич е производ на проектот „Информирана Локална Заедница: Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандарди“, кој е поддржан преку програмата за мали грантови на „Тренинг-Академија за новинари и медиумски работници – Т-АЈМ“, финансирана од Европската Унија. Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на локалните медиуми и да ја зголеми медиумската писменост во Струмичкиот микро регион, со што ќе се овозможи подобро информирање и повисок степен на свест за важноста на точните и проверени информации во демократското општество.

# 2. РАЗБИРАЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ И ЛАЖНИ ВЕСТИ

## 2.1. Дефиниција и видови

Дезинформациите претставуваат лажни или манипулирани информации со намера, дизајнирани да доведат во заблуда и да предизвикаат погрешно разбирање кај јавноста[1]. Овие информации се креираат со цел да се манипулира со перцепциите на луѓето, да се промовираат политички или комерцијални агенди, или да се наруши довербата во медиумите и институциите. Лажните вести, како посебна форма на дезинформација, се создаваат со цел намерно да ја дезинформираат јавноста и обично се презентираат како вистински новинарски содржини, иако немаат никаква основа во реалноста[2].

## 2.2. Видови на дезинформации

### a. Манипулативни содржини

Манипулативните содржини може да се во форма на фотографија, видео или аудио снимка кои се изменети со цел да се создаде лажен наратив или да се изопачи вистината[3]. Технолошките иновации во софтверите за обработка и користењето на AI алатките ја олеснува измената на визуелните или аудио материјалите, што резултира со манипулирани слики или видеа кои изгледаат вистински, но се целосно фалсификувани. На пример, манипулацијата може да вклучи додавање или отстранување на луѓе, предмети или текст во фотографии, или промена на аудио клипови за да се презентира различна порака од онаа оригиналната.

### b. Контекстуални грешки

Контекстуалните грешки се форма на дезинформации каде што точни информации се презентираат во погрешен контекст за да се измами јавноста[4]. Овие грешки обично вклучуваат преземање на вистински изјави, статистики или настани, и нивно поставување во таков контекст кој значително го менува значењето и интерпретацијата. На пример, објавување на стари фотографии или видеа во новинарски текстови или прилози како да се случиле денес, со цел да се создаде погрешен впечаток за тековните настани.

### c. Целосно измислени вести

Целосно измислените вести се содржини кои се комплетно создадени без никаква врска со реалните факти или настани. Овие вести обично се дизајнирани да предизвикаат сензација, да привлечат внимание или да промовираат одредени наративи кои се целосно

[1] Claire Wardle, PhD & Hossein Derakhshan (2017), Information disorder: Toward an interdisciplinary framework for research and policy making
[2] https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/online-disinformation
[3] Craig Silverman, European Journalisme center: Verication Handbook (2014)
[4] https://firstdraftnews.org/verification-toolbox/

лажни[5]. Често се креирани за да ја зголемат читаноста на медиумит, да заработат преку реклами, или да ги манипулираат мислењата и однесувањето на јавноста. Измислените вести можат да бидат поткрепени со лажни сведоштва, цитати или „експертски“ мислења кои се комплетно измислени или претставени надвор од контекст.

### d. Сатирични или пародични содржини

Овие содржини обично имаат за цел да забавуваат или сатиризираат одредени настани, личности или теми. Иако создавачите на сатирични содржини често немаат намера, овие содржини може да бидат погрешно разбрани или намерно презентирани како вистински вести од луѓе кои не разбираат дека станува збор за хумор или сатира. На пример, сатиричен напис може да биде споделен на социјалните медиуми како да е реален, со што се создава дезинформација.

### e. Мисинформација

Мисинформацијата е ширење на неточни информации и таа често произлегува од недоразбирање, недостаток на проверка на фактите, или непроверени изјави[6]. На пример, некој може да сподели погрешни информации на социјалните мрежи верувајќи дека се точни, без да знае дека станува збор за мисинформација. Иако нема лоша намера, ефектот врз јавноста може да биде ист како и кај намерните дезинформации.

### f. Спин (испревртена вест)

Спинот е форма на дезинформација каде што фактите или настаните се прикажуваат на таков начин што нивното значење е променето или изопачено за да се промовира одреден агол или перспектива[7]. Ова обично се користи во политички контексти за да се претстави ситуацијата во позитивна светлина за одредена група или поединец, додека негативните аспекти се минимизираат или игнорираат. На пример, политичка кампања може да ги презентира економските податоци на начин кој ја покажува само позитивната страна, игнорирајќи ги негативните трендови.

### g. Кликбејт (Clickbait)

Кликбејт насловите и содржините се дизајнирани да привлечат внимание и да поттикнат корисниците да кликнат на линкот, често со користење на сензационални, преувеличени или погрешни наслови[8]. Иако содржината може да биде вистинска, насловот често е намерно дезинформирачки за да привлече што повеќе кликови и да генерира приходи од реклами. На пример, насловот може да наведе шокантно откритие кое всушност нема врска со содржината на веста.

[5] https://ethicaljournalismnetwork.org/
[6] Claire Wardle, PhD & Hossein Derakhshan (2017), Information disorder: Toward an interdisciplinary framework for research and policy making
[7] https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/online-disinformation
[8] https://ethicaljournalismnetwork.org/

**h. Погрешно идентификувани извори**

Оваа форма на дезинформација вклучува погрешно идентификување на изворот на информацијата. Иако во самиот текст стои дека веста е преземена реномирани медиуми или експерти, всушност доаѓа од непроверени или непостоечки извори. Преку ова се настојува да се креира лажна доверба кај читателите кои ќе поверуваат дека информациите потекнуваат од кредибилни извори, но всушност се дел од намерна измама.

**i. Конспиративни теории**

Конспиративните теории претставуваат комплексни и често лажно изведени наративи кои објаснуваат настани или појави преку измислени заговори, обично без никаква фактичка основа[9]. Тие честопати се користат за да се манипулира јавноста и да се создаде чувство на недоверба кон институциите, личности, група на луѓе или одредени заедници. Пример може да биде ширењето на теории за тајни планови на владите за контролирање на населението преку вакцинацијата од Ковид 19.

**j. Deepfake**

Напредна технологија која користи вештачка интелигенција за создавање на лажни видеа или аудио записи кои изгледаат и звучат како автентични[10]. Оваа технологија претставува сериозна закана бидејќи е многу тешко да се распознаат лажни од вистински продукти.

**Зошто се Опасни?**

Дезинформациите можат да предизвикаат поделби меѓу различни групи во општеството, создавајќи поларизација и спротивставување на различни идеологии и ставови. Кога луѓето се изложени на лажни информации кои ги поттикнуваат нивните предрасуди или стравови, тие стануваат помалку отворени за дијалог и соработка.

Ширењето на дезинформации може да доведе до паника, конфликти, па дури и насилство. Лажните вести можат да поттикнат протести, безредија или насилни инциденти, особено кога таргетираат емоционални и чувствителни теми. Кога луѓето не знаат на кои информации веруваат, тие стануваат скептични и недоверливи кон легитимните извори на информации, што дополнително го влошува проблемот.

Со цел создавање и ширење на дезинформации, одредени групи или поединци можат да манипулираат со јавното мислење и да влијаат на избори, јавни политики, и одлуки на локално и глобално ниво. Оваа форма на манипулација може да има сериозни последици за демократијата и донесувањето на одлуки.

---

[9] Craig Silverman, European Journalisme center: Verication Handbook (2014)

[10] Claire Wardle, PhD & Hossein Derakhshan (2017), Information disorder: Toward an interdisciplinary framework for research and policy making

Дезинформациите често се дизајнирани да бидат едноставни и емоционални, што ги прави привлечни за широка публика. Ова го намалува поттикот за критичко размислување и анализа на информациите, оставајќи ги граѓаните помалку подготвени да ги препознаат и отфрлат лажните вести.

Лажните информации можат да влијаат и на економијата и може да предизвикат економска несигурност, пад на акциите или штета на угледот на компаниите. Ова може да доведе до финансиски загуби и нестабилност.

# 3. МЕТОДИ ЗА РАСПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ

## 3.1. Индикатори на дезинформации

Препознавањето на дезинформациите бара развивање на свест за одредени карактеристики и алатки кои често укажуваат на тоа дека одредена информација може да биде лажна или манипулирана.

**Проверка на изворот**: Првиот чекор во утврдување дали информацијата е веродостојна е да се провери изворот. Дали изворот е добро познат и медиумот има репутација за точност и доверливост? Лажните вести често доаѓаат од непознати веб-страници, блогови или профили на социјални мрежи кои немаат никаква или имаат лоша историја позади нив. Доколку изворот е анонимен или е непознат, тоа е сериозен сигнал за потенцијална дезинформација.

**Анализа на стилот и тонот**: Дезинформациите често се карактеризираат со сензационализам и користење на емоционален јазик. Наслови кои содржат „ШОКАНТНО" или „НЕВЕРОЈАТНО" и текстови полни со вознемирувачки содржини се чести алатки на креаторите на дезинформации. Овие стилски елементи се користат за да предизвикаат силни емоции кај читателите и да ги натераат да споделат содржини без да размислат.

**Фактографска неусогласеност**: Кога информацијата содржи факти кои се контрадикторни со добро познати и широко прифатени податоци, тоа може да укажува на дезинформација. Доколку тврдењата во информацијата не се поддржани со релевантни докази или се базирани на непотврдени или слабо проверени извори, тогаш постои голема веројатност дека станува збор за дезинформација.

**Недостаток на авторитет и транспарентност**: Кога не е јасно кој е авторот на содржината или која организација стои позади неа, тоа може да биде знак дека станува збор за дезинформација. Веродостојните новинарски текстови и анализи обично имаат јасно наведени автори и извори, кои можат да се проверат. Ако авторот е анонимен, користи псевдоним, или нема никакви достапни информации за неговата експертиза, тоа е сигнал дека треба да се сомневаме.

**Недостиг на повеќе перспективи**: Веродостојните новинарски содржини обично ги презентираат сите страни на една приказна и овозможуваат балансирано разгледување на темата. Дезинформациите често се еднострани и не ги презентираат различните агли или контекстот. Ако информацијата не вклучува спротивставени мислења или не дозволува критичка анализа, тоа може да укаже на нејзина намерна манипулативна природа.

**Недостаток на временска релевантност**: Дезинформациите честопати користат стари фотографии, видеа, или цитати кои се презентирани како актуелни, со цел да создаде погрешен впечаток за тековните настани. Важно е да се провери временскиот контекст

на информацијата и да се утврди дали таа е навистина релевантна за моменталната ситуација.

**Сомнителни визуелни елементи**: Дезинформациите често користат манипулативни фотографии, видеа или графики за да ја поддржат својата приказна. Овие визуелни елементи може да изгледаат како да не се во ред или да се несоодветни за контекстот во кој се претставени. Понекогаш, квалитетот на сликите може да биде лош или да се забележат очигледни знаци на манипулација. Корисниците можат да користат алатки за проверка на фотографии за да утврдат дали претходно биле користени во друг контекст.

**Отсуство на проверливи факти и извори**: Лажните вести често содржат тврдења кои не се поддржани со конкретни и проверливи факти или се потпираат на анонимни „инсајдери“ или „експерти“ кои не се идентификувани. Во такви случаи, тешко е да се проверат податоците или да се најдат релевантни извори кои го поддржуваат тврдењето. Ако не можете да најдете дополнителни извори кои ја потврдуваат информацијата, веројатно станува збор за дезинформација.

### 3.2. Критички алатки за анализа

Критичката анализа е суштински процес во справувањето со дезинформациите. Со употреба на соодветни алатки и методи, можеме да ја зголемиме веродостојноста на информациите кои ги користиме и споделуваме.

Една од најважните техники за идентификација на дезинформациите е **проверката на факти**. Ова подразбира користење на специјализирани алатки и веб-страници кои се фокусирани на проверка на фактите. Со овие алатки може да се потврди точноста на одредени тврдења, бројки, или содржина. Проверката на факти е клучна за намалување на ширењето на дезинформациите.

**Истражување на оригиналниот извор** на информацијата е друга важна компонента на критичката анализа. Ова вклучува барање по првиот објавувач на информацијата и проверка на неговата репутација и историја. Доколку оригиналниот извор е непознат или има историја на објавување на лажни вести, тогаш треба да се разгледа веродостојноста на информацијата со голема претпазливост.

**Контекстот во кој е објавена информацијата** често може да открие дали таа е дезинформација. Важно е да се разгледаат околностите и времето на објавување, како и дали информацијата е презентирана на начин што ги изопачува фактите или ги изоставува клучните детали.

Со користење на алатки како што се **Google Reverse Image Search или TinEye**, корисниците можат да бараат фотографии на интернет и да видат каде и кога биле објавени. Ова помага да се идентификуваат манипулирани или фотографии презентирани во лажен контекст.

**Метаподатоците** се скриени информации кои се наоѓаат во дигиталните фајлови, како што се фотографии или видеа, и содржат податоци за времето, местото и уредот на кој се снимени. Анализата на метаподатоците може да помогне да се утврди дали одреден фајл е автентичен или манипулиран. Користењето на алатки како што се ExifTool или FotoForensics можат да помогнат во анализа на овие податоци.

Дезинформациите често користат **специфични јазик и наративи** за да го привлечат вниманието на читателите или да манипулираат со нивните емоции. Анализата на јазикот, наративот, и стилот на пишување може да открие тенденции на пристрасност, сензационализам, или пропаганда.

Социјалните медиуми се платформи каде дезинформациите се шират брзо и неконтролирано. Користење на алатки за мониторинг на социјални медиуми и откривање на ботови, како што се Botometer или Hoaxy, може да помогнат да се идентификуваат организирани акции за ширење на дезинформации. Овие алатки откриваат сомнителни активности, вклучувајќи бот профили и организирани кампањи кои се користат за ширење на лажни информации.

Една од важните алатки за критичка анализа е евалуацијата на експертски мислења. Важно е да се разгледа кој е експертот, какви квалификации и познавања има, и дали неговите или нејзините тврдења се поддржани од пошироката научна или професионална заедница. Препознавањето на лажни експерти е клучно во избегнувањето на дезинформации.

# 4. СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ

## 4.1. Етички стандарди

Етичките стандарди во новинарството претставуваат темел на професионалната пракса и се од суштинско значење за одржување на довербата на јавноста кон медиумите. Со оглед на порастот на дезинформациите и лажните вести, почитувањето на овие стандарди е клучно за одржување на интегритетот и кредибилитетот на новинарските содржини.

**Точност**: Точноста е фундаменталната вредност на секој новинарски производ. Ова подразбира обезбедување на прецизни, целосни и проверени информации пред нивното објавување. Новинарите имаат обврска да ги истражат сите аспекти на една објава и да ги презентираат фактите објективно. Проверката на фактите треба да биде темелна и сеопфатна, со цел да се избегнат грешки кои можат да ја доведат јавноста во заблуда.

**Независност**: Независноста во новинарството подразбира ослободеност од надворешни влијанија, било тие да доаѓаат од политички, економски, или други политички елити. Новинарите треба да ги одделат своите професионални активности од личните или институционалните агенди и само на тој начин може да се обезбеди непристрасно и објективно информирање на јавноста.

**Објективност**: Објективноста е суштинска компонента на новинарскиот процес, која вклучува презентирање на информациите на начин што се фер и без предрасуди. Ова значи дека новинарите треба да ги истражат сите релевантни страни на една тема и да им овозможат на различните страни да бидат слушнати. При известување, новинарите мора да се стремат да избегнат селективно претставување на фактите или манипулација со информациите која би можела да создаде пристрасност кај публиката.

**Транспарентност**: Транспарентноста е клучна за одржување на довербата на јавноста во медиумите. Ова подразбира дека новинарите треба да бидат отворени за своите методи на собирање информации, изворите на податоци, и потенцијалните ограничувања или пристрасности во известувањето. Транспарентноста исто така вклучува и признавање на грешки и објавување на корекции кога е потребно. Ова покажува дека новинарот има етички пристап кон својата работа и е подготвен да ја одржи точноста и кредибилитетот на својата работа.

**Одговорност**: Новинарите имаат одговорност да ги информираат граѓаните на начин кој е точен, објективен, и етички. Ова подразбира и одговорност за последиците од објавените содржини. Новинарите треба да ги разгледаат потенцијалните последици од своите извештаи, особено кога станува збор за чувствителни теми кои може да предизвикаат штета или несакани реакции. Одговорноста исто така подразбира посветеност на етички исправно известување, дури и кога тоа значи откажување од сензационализам или краткорочни добивки.

**Почитување на приватноста**: Почитувањето на приватноста на поединците е многу важен аспект на етичките стандарди во новинарството. Ова вклучува внимателна проценка на тоа кога и како да се објавуваат информации за приватни лица, особено ако тие информации не се од јавен интерес или ако нивното објавување може да предизвика штета.

**Хуманост**: Новинарите треба да покажуваат хуманост во своето работење, што значи да внимаваат на начинот на кој известуваат за трауматични или чувствителни настани. Ова вклучува грижа за интервјуираните лица и избегнување на известување кое може да предизвика дополнителна штета или болка. Хуманоста во новинарството значи и избегнување на сензационализирање на трагедии или злоупотреба на туѓата болка за привлекување внимание.

**Фер и балансирано известување**: Новинарите имаат обврска да обезбедат фер и балансирано известување кое ги презентира сите релевантни аспекти на приказната. Ова вклучува слушање и претставување на различните страни и мислења на начин што не фаворизира или дискредитира ниту една страна без соодветна причина. Балансираното известување помага да се осигура дека јавноста добива комплетна слика за настаните

## 4.2. Критериуми за верификација

Верификацијата на информациите е клучен процес во новинарството кој обезбедува точност и доверливост на објавените содржини. Во свет каде што дезинформациите брзо се шират, новинарите мора да ги применуваат строгите критериуми за верификација пред да објават некоја информација.

### Основните критериуми за верификација вклучуваат:

**Потврда на информација од повеќе места**: Една од најважните техники за верификација е потврдувањето на информацијата од повеќе независни извори. Ова значи дека новинарите треба да ги истражат и да ги вкрстат информациите од различни извори, за да се уверат дека тие се точни и конзистентни. Потврдувањето на информации од различни страни обезбедува дополнителна гаранција за нивната веродостојност.

**Детална проверка**: Овој процес вклучува детална проверка на фактите, документирање на докази и интервјуа со релевантни експерти. Новинарите треба да бидат внимателни во анализата на податоците и да осигурат дека секој факт кој го презентираат е потврден од релевантни и доверливи извори. Деталната проверка е особено важна кога се работи за контроверзни или чувствителни теми, каде што грешките можат да имаат сериозни последици.

**Континуирана проверка**: Верификацијата на информациите не завршува со нивното објавување. Новинарите имаат обврска да го следат развојот на настаните и да ги

проверуваат новите информации кои можат да го променат контекстот на претходно објавените факти. Ако се појават нови детали кои ја менуваат сликата, новинарите треба да ги ажурираат своите приказни и да обезбедат се за јавноста да е информирана за сите релевантни аспекти на темата.

**Автентичност на изворите**: Верификацијата на информациите вклучува проверка на автентичноста на изворите. Ова подразбира идентификација на првичниот извор на информацијата и утврдување на неговата кредибилност. Новинарите треба да бидат претпазливи при користење на анонимни или непознати извори и да се осигураат дека тие имаат добра репутација и релевантна експертиза.

**Критичка проценка на мотивацијата на изворите**: Новинарите треба да ја разгледаат мотивацијата на изворите кои доставуваат информации. Дали изворот има некој интерес од објавувањето на информациите? Можат ли да постојат скриени агенди кои влијаат на веродостојноста на информациите? Критичката проценка на намерите на изворите помага да се откријат потенцијални пристрасности и да се осигура дека информациите се презентирани на етички и објективен начин.

**Испитување на јавното расположение**: Новинарите треба да ја разгледаат реакцијата на јавноста и експертите на одредена информација. Ако некоја информација предизвикува сомнежи, контроверзии или негативни реакции од веродостојни извори, тоа може да биде сигнал дека информацијата треба дополнително да се провери.

# 5. СТРАТЕГИИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ

## 5.1. Превентивни мерки

Превенцијата е еден од најмоќните алатки во борбата против дезинформациите. Со имплементација на превентивни мерки, може значително да се намали ризикот од ширење на лажни и манипулирани информации.

**Обука за новинари и медиумски работници**: Еден од начините да се спречи ширењето на дезинформациите е да се обезбеди континуирана обука на новинарите и медиумските работници во делот да ги препознаат и избегнат дезинформациите во своите медиумски продукти. Ова може да се постигне и преку организирање на специјализирани обуки и работилници за проверка на факти, истражувачко новинарство, и етичко известување.

**Изградба на партнерства со организации за проверка на факти**: Партнерството со локални и меѓународни организации за проверка на факти може да помогне во навремено идентификување и корекција на дезинформациите. Овие организации можат да обезбедат експертски ресурси и техники кои новинарите и медиумите можат да ги користат.

**Вклучување на образовниот систем**: Интегрирање на медиумската писменост во образовните програми е долгорочна превентивна мерка која ќе им помогне на младите генерации да станат критички информирани граѓани.

**Локални заеднички иницијативи**: Организирање на локални иницијативи како што се форуми, дијалози и јавни настани во заедниците може да помогне во подигнување на свеста и промовирање на потребата од точни информации. Овие иницијативи можат да вклучуваат соработка со локалните медиуми, граѓански сектор, образовани институции, локални институции и други стејкхолдери.

**Стратегии за сајбер хигиена**: Едукација за добрите практики во користење на интернет и социјални мрежи, со фокус на препознавање на потенцијални дезинформации и како да се избегне нивно ширење.

## 5.2. Корективни мерки

**Платформи за брза реакција**: Креирање на специјализирани платформи или делови во медиумите кои ќе бидат посветени на демантирање на дезинформации и ширење на точни информации.

**Законодавни мерки**: Достојно спроведување на законските одредби во делот на санкционирање за намерно ширење на дезинформации, особено во случаите кога тие предизвикуваат штета на јавноста или на поединци.

**Кампањи за општествено обединување**: Спроведување на кампањи кои ќе ги повикаат сите чинители на општеството – медиуми, владини институции, граѓански организации и поединци – да се обединат во борбата против дезинформациите.

**Мобилни апликации за проверка на факти**: Развивање на мобилни апликации кои ќе им овозможат на корисниците брзо да ја проверуваат веродостојноста на информациите директно од нивните телефони.

**Образовни кампањи за возрасните**: Покрај младите, возрасните лица, особено оние кои се нови во користењето на интернет и социјални мрежи, исто така треба да бидат цел од едукативните кампањи.

# 6. ЕДУКАТИВНИ МОДЕЛИ ЗА ЈАВНОСТА И НОВИНАРСКИТЕ ТИМОВИ

Зголемувањето на медиумската писменост во јавноста е од клучно значење за справување со дезинформациите и спречување на нивното ширење. Едукацијата на граѓаните им овозможува да станат поинформирани и критички настроени кон информациите кои ги примаат и споделуваат.

## 6.1 Јавна едукација

**Локализирани кампањи за медиумска писменост**: Програмите за едукација не треба да бидат само на национално ниво, туку треба да бидат и локализирани според специфичните потреби на заедниците. Во општини како Струмица, каде што се забележува зголемен интерес за медиумска писменост, може да се организираат работилници и обуки на локално ниво. Овие настани може да вклучуваат присуство на локални новинари, експерти за медиуми, и претставници на граѓански организации, кои ќе ги обучат граѓаните како да ја препознаат дезинформацијата и да ја проверуваат точноста на информациите.

**Пример**: Во текот на Струмица YOUth Festival, може да се организираат интерактивни сесии за медиумска писменост, каде што младите од заедницата ќе имаат можност да научат како да анализираат вести и да откријат потенцијални дезинформации. Ова може да вклучува симулации и практични вежби за проверка на факти и проценка на веродостојноста на изворите.

**Мултимедијални едукативни ресурси**: Создавање на мултимедијални едукативни ресурси, како што се видео туторијали, подкасти, и инфографики, може да помогне во поефективно пренесување на знаењето до поширока публика. Овие ресурси треба да бидат прилагодени на различни возрасни групи со цел да бидат разбирливи и достапни за сите.

**Пример**: Креирање на серија кратки видеа со едноставни упатства за препознавање на лажни вести, кои ќе се споделуваат преку социјалните мрежи и локалните медиуми. Видеата може да прикажуваат реални примери на дезинформации и да објаснуваат како граѓаните можат да ги проверуваат и да избегнат да станат жртви на манипулација.

**Вмрежување и заедничко учење**: Формирање на локални мрежи за медиумска писменост, каде што граѓаните можат да разменуваат искуства, информации и совети. Овие мрежи можат да вклучуваат неформални групи, клубови, или дури и онлајн сесии, каде што учесниците ќе можат да дискутираат и да учат еден од друг.

**Пример**: Организирање на месечни состаноци на „Клубот за медиумска писменост“ во рамки на Локален младински Совет Струмица, каде што граѓаните ќе можат да дискутираат за најновите примери на дезинформации во медиумите и да учат техники за нивно откривање и справување. Овие состаноци може да вклучуваат и гости предавачи од медиумската фела и академската заедница.

## 6.2. Поддршка за новинари

**Постапки за верификација на информации**: Новинарите треба да бидат обучени за користење на современи алатки и методи за проверка на факти, вклучувајќи алатки за анализирање на фотографии и видеа, софтвер за следење на дезинформации, и техники за истражување преку социјалните мрежи. Обуката треба да вклучува конкретни примери и практични вежби за верификација на информации во реално време.

**Интердисциплинарни тренинзи**: Воведување на тренинзи каде што новинарите ќе работат заедно со експерти од други области, како што се социолози, политиколози, и ИТ специјалисти. Ова ќе им помогне на новинарите да развијат пошироко разбирање за дезинформациите и да користат различни перспективи при обработка на сложени теми.

**Менторство и континуирана едукација**: Обезбедување на менторски програми и континуирана едукација за новинарите, со фокус на етичкото известување и одржување на професионалните стандарди. Овие програми можат да вклучуваат редовни семинари, вебинари, и менторски сесии со искусни новинари.

## 7. ИНТЕГРИРАЊЕ НА ВОДИЧОТ

За да се обезбеди ефективност и практичност на водичот за справување со дезинформации и лажни вести, неговата интеграција во секојдневната новинарска работа е од исклучителна важност.

**Обука за новинарите и медиумските работници**: За да се осигура дека водичот за справување со дезинформации и лажни вести ќе биде успешно интегриран во секојдневната работа, неопходно е да се организираат обуки за сите новинари и медиумски работници. Овие обуки треба да ги опфатат клучните аспекти на водичот, како што се техниките за проверка на факти, идентификација на извори на дезинформации, и етичките стандарди во новинарството. Обуките можат да бидат организирани како интерактивни работилници, вебинари или интензивни курсеви, кои ќе овозможат практична примена на водичот во реални новинарски ситуации.

**Интеграција во дигиталните платформи**: За да биде водичот лесно достапен и употреблив, тој треба да биде интегриран во дигиталните платформи на медиумите. Ова може да вклучува креирање на онлајн верзија на водичот која ќе биде достапна за сите новинари во дигитална форма. Интеграцијата на водичот во дигиталните платформи ќе овозможи брз пристап до информации и ресурси.

**Поттикнување на колективната одговорност**: Секој новинар и медиумски работник треба да биде охрабрен да го користи водичот и да ги споделува своите искуства и предизвици со своите колеги. Важно е да се создаде атмосфера на поддршка и соработка, каде што новинарите ќе се чувствуваат мотивирани да придонесат за подобрување на новинарските стандарди.

**Создавање на механизам за повратни информации**: За да се осигура дека водичот е релевантен и ефективен, потребно е да се воспостави механизам за повратни информации од новинарите кои го користат. Овој механизам може да вклучува анонимни анкети, онлајн формулари или редовни состаноци каде што новинарите ќе можат да ги изразат своите мислења и предлози за подобрување на водичот. Повратните информации ќе овозможат континуирано подобрување на водичот и негово приспособување кон новите предизвици во медиумскиот пејзаж.

## 8. ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ ИНИЦИЈАТИВИ

За да се обезбеди долгорочна ефикасност во справувањето со дезинформации и подигањето на нивото на медиумска писменост во Струмичкиот микро регион, неопходно е да се преземат конкретни чекори кои ќе ги зацврстат постојните напори и ќе овозможат нивно понатамошно развивање.

За таа цел важно е да се имплементираат следниве препораки и иницијативи:

1. Техники за напредна проверка на факти со акцент на верификација на визуелни материјали и анализирање на податоци од социјалните мрежи
2. Модули за справување со нови форми на дезинформации, вклучително и дезинформации поврзани со генеративни алатки за вештачка интелигенција (AI)
3. Семинари и работилници за етичко новинарство кои ќе го истакнат значењето на одговорноста и транспарентноста во медиумите
4. Локални иницијативи за медиумска писменост преку работилници, интерактивни кампањи, и обуки во соработка со училишта, граѓански организации, медиуми и новинари
5. Онлајн курсеви за критичко размислување кои ќе овозможат пристап до информации за критичко размислување и препознавање на лажни вести за сите граѓани, без разлика на нивното претходно познавање на темата
6. Кампањи за подигнување на свеста за важноста на проверката на факти пред споделување на информации на социјалните мрежи
7. Партнерства со организации и меѓународни тела кои работат на промоција на медиумска писменост и едукација
8. Учество во програми за размена на новинари кои ќе овозможат стекнување на нови вештини и знаења од меѓународни експерти.
9. Вклучување во истражувачки проекти и иницијативи кои се фокусирани на справување со дезинформации и развој на нови алатки за проверка на факти
10. Размена на новинари и медиумски работници: Кои ќе можат да работат во редакции во други земји и да донесат нови перспективи и техники во локалната медиумска заедница
11. Пристап до онлајн ресурси и платформи кои ќе ги обединат новинарите и експертите од различни земји за да споделуваат алатки и искуства
12. Формирање на регионална мрежа за борба против дезинформации која ќе ги обединува локалните медиуми, граѓански организации, образовни институции и истражувачки центри
13. Воведување на медиумска писменост во образовните програми и интеграција на медиумската писменост како задолжителен дел од наставните планови во основните и средните училишта
14. Локални информативни центри за медиумска писменост каде граѓаните ќе можат да добиваат информации, ресурси, и поддршка во врска со медиумска писменост, проверка на факти и справување со дезинформации

15. Редовно следење и анализа на локалните медиуми преку формирање на тимови за мониторинг кои ќе вршат редовна анализа на локалните медиуми за присуство на дезинформации и ќе објавуваат извештаи за нивното влијание и начини на справување
16. Кампањи за ангажирање на инфлуенсери и познати личности во кампањи за подигнување на свеста за медиумска писменост и важноста на точни информации
17. Поддршка за истражувачко новинарство преку обезбедување на грантови и други форми на поддршка за истражувачко новинарство кое се фокусира на откривање на дезинформации и обезбедување на веродостојни информации за јавноста
18. Развој на апликации и алатки за проверка на факти кои ќе им овозможат на граѓаните и новинарите да вршат брза и ефикасна проверка на факти и извори на информации
19. Градење на капацитети на локалните медиуми преку обезбедување на обуки и ресурси за локалните медиуми за подобрување на нивните капацитети во верификација на информации и етичко новинарство

## 9. ЗАКЛУЧОК

Дезинформациите и лажните вести се меѓу најголемите предизвици со кои се соочуваат современите општества, особено во локалните заедници. Овие проблеми не само што ја поткопуваат довербата во медиумите и институциите, туку и го нарушуваат начинот на кој граѓаните ги формираат своите ставови, донесуваат одлуки и учествуваат во демократските процеси.

Основен столб во борбата против дезинформациите е почитувањето на строгите етички стандарди во новинарството. Точноста, независноста и објективноста мора да бидат на прво место во секојдневната работа на новинарите. Овие принципи се од витално значење за одржување на професионалниот интегритет и довербата на јавноста. Новинарите во Струмичкиот микро регион треба постојано да ги унапредуваат своите вештини и знаења, со цел да обезбедат информирање кое ќе биде праведно, транспарентно и одговорно.

Воведувањето на алатки за анализа во новинарската работа е неопходно за распознавање и неутрализирање на дезинформациите. Новинарите и медиумските работници треба редовно да ги користат техниките за проверка на факти, внимателно да ги евалуираат изворите, и да се осигураат дека информациите кои ги пренесуваат се точни и проверени. Овие алатки треба да бидат не само дел од професионалната пракса, туку и од едукативните програми. Со тоа, ќе се поттикне критичкото размислување и ќе се создаде култура на одговорно споделување на информации.

Успешното справување со дезинформациите бара активна координација и соработка меѓу новинарите, медиумите и заедниците. Оваа соработка ќе овозможи навремен и координиран одговор на новите форми на дезинформации и ќе обезбеди здрава и информирана медиумска средина.

Медиумската писменост и справувањето со дезинформациите се процеси кои бараат континуирана едукација и активно учество на сите засегнати страни. Локалните и меѓународните иницијативи за едукација треба постојано да се развиваат и да се прилагодуваат на новите предизвици кои ги носи дигиталната ера. Во иднина, потребно е да се создаваат иновативни програми и проекти кои ќе ги обучуваат не само новинарите и медиумските работници, туку и пошироката јавност. Ова ќе помогне во создавање на поотпорна и информирана заедница, која ќе биде способна да се справи со дезинформациите и да ги заштити своите демократски вредности.

Со примена на овие мерки, ќе се создаде средина каде вистината и етиката ќе доминираат, а влијанието на дезинформациите ќе биде значително намалено. Ова е од витално значење за обезбедување на точност, одговорност и етика во информирањето, кои се основни принципи на секоја здрава демократија.

Само преку посветеност на овие идеали, Струмичкиот микро регион ќе може да изгради отпорност против дезинформациите и ќе обезбеди светла и информирана иднина за своите граѓани.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

ормации дезинформации дезинформации дезинформации дезинформации дезинформации дезин

ормации дезинформации дезинформации дезинформации дезинформации дезинформации дезинформа

**Содржината е единствена одговорност на авторот и на грантистите и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата и ставовите поврзани со проектот „Информирана Локална Заедница: Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандарди“, кој е поддржан преку програмата за мали грантови на „Тренинг-Академија за новинари и медиумски работници – Т-АЈМ“, финансирана од Европската Унија.**

ЗНМ Здружение на новинарите на Македонија

FEP EFJ European Federation of Journalists

Иницијатива за ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ НОВУС

Медија Флеш Здружение за медиумска писменост

